Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 84 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 31 МАРТ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од осумдесет и четвртата седница на Државната изборна комисија

Осумдесет и четвртата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 31 март 2014 година ( понеделник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 15:10 часот.

На седницата присуствуваа:

**Никола Рилкоски -** Претседател на Државната изборна комисија
**М-р Субхи Јакупи-** Потпретседател на Државната изборна комисија
**Влатко Сајкоски -** Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев -** Член на Државната изборна комисија
**Анета Стефаноска -** Член на Државната изборна комисија
**Виолета Дума-** Член на Државната изборна комисија
**Бедредин Ибраими -** Член на Државната изборна комисија
**Биљана Стојановска-** Генерален секретар на Државната изборна комисија
**Расим Мустафа -** Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложена една единствена точка на

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување и потврдување на листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година.**

Се отвори расправа по предложениот дневен ред.

Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 84 – та Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и потврдување на листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде образложение по оваа точка. За запознавање и известување на присутните на оваа Седница, во законски предвидениот рок поднесени се 14 листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година. Од овие 14 листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, 5 листи се предлози од коалиции. Според правилата потребно е да се утврди субјективитетот на овие 5 коалиции.

Се започнува со утврдување на субјективитетот на **КОАЛИЦИЈАТА НА СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ** во чиј состав се - СДСМ, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА –ЛДП, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА - ОМ, ПАРТИЈА

ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ – ПЦЕР, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, САНЏАЧКА ЛИГА – СЛ. Според прилозите од стручната служба на ДИК коалицијата на СДСМ и останатите партии во коалицијата, ги исполнува условите за утврдување на субјективитетот. Коалицијата на СДСМ и останатите партии во коалиција има поднесено листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6,7,8, и 9.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање утврдувањето на субјективитетот на коалицијата на СДСМ и останатите партии во коалиција

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " утврдување на субјективитетот на коалицијата на СДСМ и останатите партии во коалиција за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6,7,8, и 9.**

Се утврдува субјективитетот на **КОАЛИЦИЈАТА ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО)** во чиј состав се СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ПРАВДАТА, СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ, РАБОТНИЧКО ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ, НОВА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА, ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА, ТАТКОВИНСКА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВА - ВАРДАР - ЕГЕЈ - ПИРИН, МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ВМРО-ДП (ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА), ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ, ДЕМОКРАТСКА БОШЊАЧКА ПАРТИЈА, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ, СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА, РОМИ ОБЕДИНЕТИ ОД МАКЕДОНИЈА. Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ има поднесено листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6,7,8, и 9.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање утврдувањето на субјективитетот на коалицијата на ВМРО – ДПМНЕ и останатите партии во коалиција за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6,7,8, и 9.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " утврдување на субјективитетот на коалицијата на ВМРО – ДПМНЕ и останатите партии во коалиција за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6,7,8, и 9.**

Се утврдува субјективитетот на **КОАЛИЦИЈАТА ЗА ПОЗИТВНА МАКЕДОНИЈА** во чиј состав се АЛИЈАНСАТА ЗА ПОЗИТИВНА МАКЕДОНИЈА И ПАРТИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИ ПЕНЗИОНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Оваа коалиција има поднесено листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање утврдувањето на субјективитетот на КОАЛИЦИЈАТА ЗА ПОЗИТВНА МАКЕДОНИЈА за поднесените

листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ утврдување на субјективитетот на КОАЛИЦИЈАТА ЗА ПОЗИТВНА МАКЕДОНИЈА за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6.**

Се утврдува субјективитетот на **КОАЛИЦИЈАТА ГРОМ** - Граѓанска опција за Македонија –ГРОМ, во чиј состав се Српска напредна странка во Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Партија на слободни демократи и Либерална партија на Македонија. Оваа коалиција има поднесено листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање утврдувањето на субјективитетот на КОАЛИЦИЈАТА ГРОМ за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ утврдување на субјективитетот на КОАЛИЦИЈАТА ГРОМ за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6.**

Се утврдува субјективитетот на **КОАЛИЦИЈАТА ДОСТОИНСТВО ЗА МАКЕДОНИЈА.** Во состав на оваа коалиција се Политичка партија Достоинство (ППД) и Македонска обединета реформска организација – Централно демократска унија (МОРО – ЦДУ). Оваа коалиција има поднесено листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5, 6 и 8.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање утврдувањето на субјективитетот на КОАЛИЦИЈАТА ДОСТОИНСТВО ЗА МАКЕДОНИЈА за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5, 6 и 8.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ утврдување на субјективитетот на КОАЛИЦИЈАТА ДОСТОИНСТВО ЗА МАКЕДОНИЈА за поднесените листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6 и 8.**

Се преминува на поединечно утврдување на листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА** има поднесено листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,5, 6,7 и 8. Според податоците од стручните служби ДПА во целост ги исполнува условите.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предлага да се потврди листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на ДПА за Изборните единици 1,2,3,5, 6,7 и 8.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на ДПА за Изборните единици 1,2,3,5, 6,7 и 8.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во**

**Собранието на Република Македонија на Демократската партија на Албанците - ДПА за Изборните единици 1,2,3,5, 6,7 и 8.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Демократската партија на Албанците - ДПА за Изборните единици 1,2,3,5, 6,7 и 8.**

**НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА – НДП** предлага кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,5, 6 и7. Во извештајот подготвен од стручната служба се наведува дека НДП ги има исполнето сите услови и листата треба да се потврди.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на НДП за Изборните единици 1,2,5, 6 и7.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Националната Демократска Преродба - НДП за Изборните единици 1,2,5, 6 и7.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Националната Демократска Преродба - НДП за Изборните единици 1,2,5, 6 и 7.**

**ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТ – ПДП** предлага кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија само за Изборната единица 6. Во извештајот подготвен од стручната служба се наведува дека ПДП ги има исполнето сите барани услови освен доказот за обезбедување на ЕДБ со назнака " за изборна кампања " , но ова право може да тече 48 часа од како ќе биде потврдена листата.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на ПДП за Изборната единица 6.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за Демократски Просперитет – ПДП за Изборната единица 6.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за Демократски Просперитет – ПДП за Изборната единица 6.**

**КОАЛИЦИЈА ЗА ПОЗИТИВНА МАКЕДОНИЈА** - предлага кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5и 6 . Има доставено листи за пратеници и стручната служба потврдува дека се документите во ред.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата за позитивна Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5и 6 .

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата за позитивна Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5и 6 .**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата за позитивна Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5и 6 .**

**КОАЛИЦИЈА ДОСТОИНСТВО ЗА МАКЕДОНИЈА**- предлага кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5, 6 и 8 . Според податоците се е во ред и стручната служба потврдува дека се документите во ред, освен доказот за обезбедување на ЕДБ со назнака " за изборна кампања " , но ова право може да тече 48 часа од како ќе биде потврдена листата.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата Достоинство за Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5, 6 и 8.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата Достоинство за Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5, 6 и 8.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата Достоинство за Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5, 6 и 8.**

**ВМРО НАРОДНА ПАРТИЈА – ВМРО НП** – оваа партија предлага листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6. Сите листи со поднесените прилози се комплетни и во согласност со Изборниот законик.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на ВМРО Народна Партија – ВМРО НП за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на ВМРО Народна Партија – ВМРО НП за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на ВМРО Народна Партија – ВМРО НП за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6.**

**НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА – НДМ** - оваа партија предлага листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5. Сите листи со поднесените прилози се комплетни и во согласност со Изборниот законик.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Народното Движење за Македонија – НДМ за Изборните единици 1,2,3,4,5.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Народното Движење за Македонија – НДМ за Изборните единици 1,2,3,4,5.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Народното Движење за Македонија – НДМ за Изборните единици 1,2,3,4,5.**

**КОАЛИЦИЈА СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА И ОСТАНАТИТЕ ПАРТИИ ВО КОАЛИЦИЈАТА** - предлага листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5,6,7,8 и 9. Во овие листи за ИЕ 3 недостасува потврда од надлежен суд дека кандидатот под реден број 16, не е осудуван. Во ИЕ 4 недостасува потврда од надлежен суд дека кандидатот под реден број 1, не е осудуван, во ИЕ 8 недостасува потврда од надлежен суд дека кандидатот под реден број 1, не е осудуван и во ИЕ 9 недостасува потврда од надлежен суд дека кандидатот под реден број 1, не е осудуван. Исто така оваа Коалиција треба да достави доказ за обезбедување на ЕДБ со назнака " за изборна кампања ". За ИЕ 3,4,8 и 9 има потреба за докомплетирање на документацијата за предложените кандидати. Останува дека ДИК може да ги потврди листите на кандидати за ИЕ 1,2,5,6 и 7, а кај листите за ИЕ 3,4,8 и 9 да се задолжи Коалицијата во рок од 48 часа да ја докомплетира документацијата.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата Социјал Демократскиот Сојуз на Македонија и останатите партии во коалицијата за Изборните единици 1,2,5,6 и 7.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата Социјал Демократскиот Сојуз на Македонија и останатите партии во коалицијата за Изборните единици 1,2,5,6 и 7. За Изборните единици 3,4,8 и 9 да се докомплетира документацијата во законски рок од 48 часа.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата Социјал Демократскиот Сојуз на Македонија и останатите партии во коалицијата за Изборните единици 1,2,5,6 и 7.**

**СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА-СДПМ,** оваа партија предлага листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6. Од известувањето на стручната служба има забелешка за листата во Изборната единица 6 во листата нема кандидати од помалку застапениот пол. За Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6 нема ниту еден кандидат дадено изјава за припадност на одредена заедница. Исто така во Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6 ниту еден кандидат нема потврда од надлежен суд за неосудуваност и нема ЕДБ со назнака " за изборна кампања ". На оваа партија да и се даде можност да ги исправи недостатоците во листите за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6 во законски рок од 48 часа. Бидејќи листите не се комплетирани ДИК нема да ги потврди и се дава рок од 48 часа да се отстранат наведените недостатоци.

Во моментот на Седницата присуствуваат 6 Членови на ДИК и предлогот листите на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија од Социјал Демократската Партија на Македонија во рок од 48 часа да се докомплетираат, се става на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " докомплетирање на листите на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија од Социјал Демократската Партија на Македонија за Изборните единици 1,2,3,4,5 и 6 , во рок од 48 часа.**

**ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21 – ПЕП 21** - оваа партија предлага листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1 и 2. Сите потребни документи се доставени единствено нема доказ за обезбедување на ЕДБ со назнака " за изборна кампања ".

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за економски промени 21 – ПЕП 21 за Изборните единици 1 и 2 со назнака дека треба во рок од 48 часа да достави ЕДБ.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за економски промени 21 – ПЕП 21 за Изборните единици 1 и 2.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за економски промени 21 – ПЕП 21 за Изборните единици 1 и 2.**

**ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА - ПЕИ** – оваа партија има поднесено листа за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1, 2, 5 и 6. Сите потребни документи се доставени во целост единствено нема доказ за обезбедување на ЕДБ со назнака " за изборна кампања ".

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за европска иднина – ПЕИ за Изборните единици 1, 2, 5 и 6.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за европска иднина – ПЕИ за Изборните единици 1, 2, 5 и 6.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Партијата за европска иднина – ПЕИ за Изборните единици 1, 2, 5 и 6.**

**КОАЛИЦИЈА ГРОМ** - оваа коалиција има поднесено листа за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1, 2,3,4, 5 и 6. Има во целост доставени докази, има ЕДБ , во целост на листите се е како што е барано и целосно ги исполнува условите.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата ГРОМ за Изборните единици 1, 2,3,4, 5 и 6.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата ГРОМ за Изборните единици 1, 2,3,4, 5 и 6.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата ГРОМ за Изборните единици 1, 2,3,4, 5 и 6.**

**КОАЛИЦИЈА ВМРО - ДПМНЕ ( ВМРО –ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО ) И ОСТАНАТИТЕ ПАРТИИ ВО КОАЛИЦИЈАТА-** оваа коалиција има поднесено листа за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9. Коалицијата ги има доставено потребните документи освен ЕДБ со назнака " за изборна кампања " . Во рок од 48 часа да достави доказ за обезбеден ЕДБ со назнака " за изборна кампања ".

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и останатите партии во коалицијата за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и останатите партии во коалицијата за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и останатите партии во коалицијата за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9.**

**ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ** има доставено листа за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9. Комплетно се обезбедени сите документи.

Се отвори расправа. Никој не бара збор. Се става на гласање потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Демократската Унија за Интеграција – ДУИ за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " потврдувањето на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Демократската Унија за Интеграција – ДУИ за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9.**

**Се констатира дека е потврдена листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на Демократската Унија за Интеграција – ДУИ за Изборните единици 1, 2,3,4, 5, 6,7,8 и 9.**

Со ова се исцрпени листите на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година. Останува за сите овие кандидати кои се на 14 листи Комисијата за верификација на факти, на која се доставени листите уште вчера, да даде одговор кој до овој момент ДИК го нема. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предлага вака утврдените листи на кандидати да претрпат промена само во оној дел ако некој од кандидатите биде позитивно лустриран и ако биде така веднаш да се предочи на подносителот на листата да предложи друг кандидат. Ова да биде како Заклучок.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК која кажа дека се вчера пуштени листите на кандидати и нормално е ДИК денес да нема одговор од Комисијата за верификација на факти која листите ги доставува до четири органи на проверка.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски Предлог Заклучокот вака утврдените листи на кандидати да претрпат промена само во оној дел ако некој од кандидатите биде позитивно лустриран и ако биде така веднаш да се предочи на подносителот на листата да предложи друг кандидат, е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот вака утврдените листи на кандидати да претрпат промена само во оној дел ако некој од кандидатите биде позитивно лустриран и ако биде така веднаш да се предочи на подносителот на листата да предложи друг кандидат. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори осумдесет и четвртата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**84-та седница на Државната изборна комисија заврши во 15:55 часот.**

**Број** 07-1278/2
01.04.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**